ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**

Општина Струга
Министерство за транспорт и врски

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на усогласеност на тема Спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во Општина Струга.

**Цел на ревизијата:**
Дали постојната законска регулатива, стратешките и планските документи овозможуваат спроведување на постапките за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти, и
Дали законски утврдените услови и начинот на спроведување на постапките за легализација овозможуваат навремено утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти.

**Клучни утврдени состојби:**
- при спроведувањето на постапките за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект не се почитуваат законски предвидените рокови;
- создадени се услови за изградба на ново изградени или доградби на објекти без одобрение за градење;
- во Општина Струга нема спроведено отстранување на бесправно изграден објект .

**Издадено мислење*:** 🔴
Процесот на утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во Општина Струга не се одвива според потребната/очекуваната динамика што влијае на одолговлекување на процесот и не постигнување на целите на Законот.

**Клучни препораки:**
- спроведување на барањата утврдените во Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион;
- кадровско зајакнување на Секторот за инспекциски надзор со градежни инспектори и
- постапување во однос на отстранување на бесправно изградените објекти.

**Клучни системски слабости:**
Во тек е постапка за донесување на нов Закон за постапување со бесправно изградени објекти

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Градоначалникот на Општина Струга со писмо бр.13-509/5 од 10.05.2021 година, даде одговор на Нацрт извештајот во кој потенцира дека немаат суштествени забелешки и дека сите препораки ќе бидат доследно применети во постапките.

**Одговор на добиени забелешки**:

* 🟢 **позитивно,** 🟡 **со резерва,** 🔴 **неповолно,** ⚫ **воздржување**

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk